Број 09—738/2
29.04.2022 година
Делчево

ЗАПИСНИК
од 8.седница на Советот на Општина Делчево

Седницата се одржа на ден 29.04.2022 година (петок) во Мултифункционалниот центар во Спомен-домот АСНОМ, втори кат, со почеток во 14:00 часот.

На седницата присуствуваа сите 15 членови на Совет.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Гоце Попов, претседател на Советот на Општина Делчево кој за Осмата седница на Советот го предложи следниот

**Дневен ред**

**-Усвојување на Записник од Седмата седница**

**на Советот на Општина Делчево**

1. Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион за 2021-2026 со Заклучок за усвојување;
2. Годишен извештај за рзботењето на Центарот за развој на Истечен плански регион за 2021 година со Годишен финансиски извештај за 2021 година со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач:** Претставник за Центарот за развој на Источен плански регион.
3. Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2022 за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач**:Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци.
4. Извештај за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач**: Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
5. Годишна сметка на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;

   **Образлагач**:Марија Сумрачка- Сметководител на ЈКП „Брегалница"-Делчево.
6. Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно но земјиште за добивање на одобрение за градење на Фотоволтаична централа на терен со капацитет цца 250 KW лоцирана на К.П.бр.118, 119,120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Трабoтивиште во општина Делчево;
7. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Радојко Веселиновски;
8. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект помошен зграда бр.3 по барање на Радојко Веселиновски;
9. Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект магацин за железо зграда бр.4 по барање на Радојко Веселиновски

   **Образлагач:** Звонко Атанасов-Раководител на Сектор за урбанизам.

10. Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;

    **Образлагач**: Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител.

11. Предлог-Одлука за приоритетен предлог-проект и финансиско учество за проект „Регулација на корито на река Брегалница во Централно-градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“;
12. Предлог-Одлука за приоритетен предлог-проект и финансиско учество за проект „Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево-Стамер-Општина Делчево, прва фаза“;

    **Образлагач**: Тони Стоименовски-Советник за ЛЕР.

13. Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

    **Образлагач**: Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност.

14. Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево бр.09- 2223 /1 од 15.11.2021 година;

    **Образлагач:** Ванчо Новоселски-Советник за образование.

15. Прашања и предлози на членови на Совет.

Претседателот отвори расправа по предложениот дневен ред.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а дневниот ред ставен на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои дневниот ред за 8.седница

**Претседателот отвори расправа по Записникот од 8.седница.**

**Бидејќи никој не се јави за збор, расправата по Записникот беше затворена им истиот беше ставен на гласање.**

**Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го усвои Записникот од 8.седница.**

**Прва точка-Годишен извештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион за 2021-2026 со Заклучок за усвојување**;

Образлагач по оваа точка беше Зујица Ангелова која поради неможноста да присуствува на седницата, точката ја образложи онлајн. На почетокот се извини заради нејзиното отсуство и изрази благодарност до претседателот на Советот и членовите на Советот за разбирањето. Во врска со точката таа истакна дека секоја година Центарот за развој на ИПР поднесува таков извештај врз основа на член 22 од Законот за рамномерен регионален развој. Конкретно овој извешптај се однесува на спроведување на Програмата за развој на Источен плански регион за периодот 2021-2026, а е за претходната 2021 година. Истиот е резултат на спроведените активности на ИПР во координација со сите 11 општини од регионот и Годишниот акционен план за 2021 година. Во извештајот се опфатени проекти финансирани од националниот буџет преку програмите за рамномерен региоанален развој на Министерството за локална самоуправа и Бирото зе региоанелн развој, потоа проекти финансирани од националниот буџет преку програмите на линиските министерства, АФПЗРР, проекти финансирани од ИНТЕРРЕГ ИПА-Прекугранична соработка со Р.Бугарија, Швајцарската агенција за развој и соработка-SCD –Швајцарската конфедерација, ГИЗ-РЕД, УНДП и др. Во извештајот се опфатени и проекти реализирани од други чинители во регионот, во кои Центарот се јуавува како партнер или поддржувач, како и проекти за кои Центарот има обезбедено податоци или податоци преку општините. Таа истакна дека во продолжение на извештајот е дадена листа на реализирани проекти и активности со посебен акцент на проектите кои

се однесуваат на Делчево како 1 од 11-те општини во регионот. Во 2021 година преку мерката Поттикнување на инвестициите во земјоделството и преработувачки капацитети е реализиран проектот- Изградба на градски зелен пазар, а преку мерката-ревитализација и проширување на локалните патишта и пристапот до земјоделските површини е реализиран проектот Реконструкција на улици во с.Трабитивиште, с. Вирче, с. Стамер, Рехабилитација на полски пат во с. Вирче и Изградба на велосипедска патека во с.Ѕвегор. Во продолжение беа наведени и приходите и расходите на ЦИПР во 2021 година. Во 2021 година на основната сметка биле прибрани приходи во износ од 99.465.005,00 денари. Расходите во 2021 година биле во износ 56.930.179, 00 денари. Пренесн вишок на приходи во наредната (2022) година се 42.534.826,00 денари. Во извештајот беа презентирани и податоци за вработените во ЦИПР, за спроведените обуки, одржаните седници на Советот на ИПР, како и други активности и табеларен приказ на реализацијата на проектите и активностите во функција на реализацијата на Програмата за развој на ИПР, каде носител е Центарот заразвој на ИПР. На крајот, таа рече дека во интерес на времето нема да ги чита сите проекти, а доколку советниците имаат прашања, може да ја прашаат.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски.

Неговото прашање се однесуваше на проектот Рехабилитација на полски пат во с. Вирче. Имено, тој праша кој ќе ја сноси одговорноста (ЦИПР, Општина Делчево или изведувачот) бидејќи при реализација на тој проект е направена штета на локалниот пат с.Град-с. Вирче, т.е оштетен е коловозот и штетата е навистина голема. Дали ќе биде санирана таа штета и дали ќе има одговорност, праша тој.

Зујица Ангелова рече дека прв пат слуша за направената штета на коловозот на локалниот пат. Од страна на ЦИПР наведениот полски пат бил рехабилитиран со нанесување на тампонски слој, а надзорниот орган бил ангажиран од страна на општина Делчево. Во секој случај треба да се испита ситуацијата, да се извести општината и да се реагира, рече таа.

Иван Гоцевски рече дека за оштетувањето на патот с.Град-с.Вирче има реакции подолго време од многу граѓани и секако дека треба да се испита ситуацијата и да се реши проблемот, а оној кој ја направил штетата да има одговорност.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по првата точка беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 15 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за реализација на Програмата за развој на Источен плански регион за 2021-2026.

**Втора точка-Годишен извештај за рзботењето на Центарот за развој на Истечен плански регион за 2021 година со Годишен финансиски извештај за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач и по оваа точка беше Зујица Ангелова, директор на Центарот за развој на Источен плански регион која на почетокот ги информираше членовите на Советот за Центарот, неговото основање, надлежности и делокруг на работа, неговата структура и организациска поставеност, како и услугите што ги дава самиот центар. Во продолжение беа наведени сите реализирани активности и проекти од страна а ЦИПР во 2021 година, статусот на самите проекти, потребните средства за нивна реализација, како и изворите на финансирање. Во врска со проектот Изградба на градски пазар во Делчево (отворен и затворен дел), таа истакна дека потребни средства за реализација се 18.853.783,00 денари, истите се обезбедени од страна на МЛС-Биро за регионален развој и Општина

Делчево-дел:Веќе е потпишан договор со БРР и следува постапка за распичување на јавна набавка за избор на најповолен изведувач на работите. Исто така, беа спомнати и проектиоти за Виница, Берово, М.Каменица, Штип и Пехчево, како и проектите кои се аплицирани по разни програми и кои имаа за цел развој на целиот Источен плански регион. Настојувањата на ЦИПР се да има рамномерен регионален развој и да бидат застапени сите општини. Како составен дел на извештајот беше спомнат и финансискиот извештај за работењето на ЦИПР.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека според него, ако се анализира извештајот може да се види дека општина Делчево малку е застапена во смисла на реализирани проекти.

Зујица Ангелова рече дека согласно законот за рамномерен регионален развој, Центарот за развој на ИПР спроведува форумски сесии на кои се прават кратки презентации и во рамките на приоритетните области граѓаните од сите 11 општини даваат предлози, се прави рангирање и после од страна на ЦИПР се прави поширока листа на приоритетни предлог-проекти. „Центарот не аплицира и не доделува средства, тоа го прават самите општини, ние како Центар аплицираме во име на сите 11 општини", рече таа. Што се однесува до забелешката дека Општина Делчево е малку застапена, таа рече дека не е така, бидејќи во 2020/2021 година Општина Делчево била прва општина во однос на доделените средства, 15 милиони денари за проектот Градски пазар. Целта на ЦИПР е сите општини (11) да добиваат проекти.

Дејан Георгиевски, во делот на приходите, праша зошто во 2020 година трансаферот на средства од општините за тековно работење на центарот биле, 1.917.983,00, а во 2021 1.264.920 или во 2021 во оснос на 2020 за 30% помалку?

Зујица Ангелова рече дека во 2020 година имало плаќање на заостанати обврски, а во 2021 година веќе нема плаќања на такви заостанати долгови.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за рзботењето на Центарот за развој на Истечен плански регион за 2021 година со Годишен финансиски извештај за 2021 година.

**Трета точка-Квартален извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 2022 за периодот од 01.01.2022 до 31.03.2022 со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Анка Христова-Раководител на Одделението за буџет, сметководство и администрирање на даноци која истакна дека извршувањето на буџетот на општина Делчево за првиот квартал 2022 година, изнесува 25% односно од вкупно планираните приходи во износ од 286.088.378 ден. за првиот квартал односно за првите три месеци во годината, се реализирани 71.496.344 денари.Од нив, во основниот буџет, од планирани 97.117.000 реализирани се 23.611.978 ден. или 24,3%.Во буџетот на дотации од планирани 165.158.800 приходи реализирани се 40.697.717 или 24,6%, во буџетот на донации од планирани 5.274.578 реализирани се 2.392.487 ден. и во буџетот на самофинансирачки активности од планирани12.838.000 реализирани се 1.855.652 денари.Вкупните расходи се планирани во износ од 286.088.378 ден., од нив се реализирани 59.103.703 ден. или 24%.Ако го анализираме основниот буџет ќе видиме дека од вкупно планирани 97.117.000 ден. реализирани се 21.354.472 ден.или 22%.Во врска со анализата на основниот буџет таа рече дека:

- даночните приходи се наплатени во износ од 12.844.895 ден. од вкупно планирани 44.053.000 ден. или 29%, најголема наплата е наплатата од даноци на имот и

тоа во износ од 6.655.230, од даноци од специфични услуги во износ од 5.541.980 ден. (а тоа се сите видови на комунална такса, комунална такса за истакната фирма,351.766 ден., ком.такса за одржување на јавното осветлување во износ од 3.091.130 ден., комун.такса за користење на улици со патнички и товарни моторни возила што се плаќа при регистрација околу 290.380 денари, за надоместок за уредување на град.неизгр. земјиште во износ од 1.789.514 и др.помали износи на комунални такси) и такси за користење или дозволи за вршење на дејност во износ од 79.719 денари.

Неданочните приходи се наплатени во износ од 344.548 ден. ден., од вкупно планирани 2.470.000 ден. (13,9%) и тоа се приходи од административни такси и надоместоци.

Капиталните приходи се наплатени во износ од 2.840.336 ден. од вкупно планирани 5.550.000 ден.или 51% а тоа се приходите од продажба на земјиште во износ од 2.076.163, надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини 517.600 ден. надомест за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект-легализација во износ од 241.414 ден.

Трансферите од други нивоа на власт се реализирани во износ од 7.582.199 ден. од вкупно планираните 45.044.000 или 16,8% и тука спаѓаат средствата добиени по основ на дотации на општината од приходи од ДДВ 7.582.199 ден., како и трансфери од други нивоа на власт и трансфери од буџетите на фондовите, меѓутоа за овој квартал се реализирани само приходите од ДДВ.

Вкупните расходи се планирани во износ од 286.088.378 ден. во ист износ како и вкупните приходи при што е запазено буџетското правило за рамнотежа. Од нив се реализирани 59.103.703 ден. или 24%.

Ако го анализираме основниот буџет ќе видиме дека од вкупно планирани 97.117.000 ден. реализирани се 21.354.472 ден.или 22%.

На групата 40 реализирани се 7.403.661 ден. од вкупно планирани 31.454.000 ден. во нив влегуваат платите, придонесите од плати и други надоместоци.

Платите и надоместоците од плати се реализирани во износ од 6.321.345 ден. од планирани 27.590.000денари.На групата 42 реализирани се 5.546.723 ден. од вкупно планирани 19.285.000 (патни и дневни расходи,комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, горива и масла, канцелариски материјали, поправки и тековно одржување,одржување на улици и патишта, услуги за обезбедување, договорни услуги и други расходи).На група 45 планирани се 112.000 денари а реализирани 29.608, камата за странски кредити.

На група 46 планирани се 2.724.000 од кои се реализирани 186.280 ден.( до здруженија на граѓани 5.000 и до сп.клубови 85.000. и плаќање по судски решенија 63.280 и разни трансфери 33.000 денари.).

На група 47 планирани од планирани 950.000 ден. реализирани се 352.107 ден.( новороденчиња 54.107 и 298.000 ден. еднократна парична помош).

На крајот, А.Христова ги образложи капиталните расходи и истакна дека во група 48 влегуваат капиталните расходи кои се реализирани во износ од 6.909.775 ден. од планираните 40.424.000 и најголем дел од нив се исплатени за изградба на други објекти односно за изградба на градскиот пазар во износ од 4.680.000 ден. Капиталните расходи се реализирани во износ од 6.909.775 или 17% и тоа:

480

-Купување на канцелариска опрема 38.000 ден.

-Купување видео опрема (камера за снимање) 45.990
-купување опрема за греење 69.500 (2 клими)

482
-проекти за улици и патишта 501.502
-реконструкција на улици и патишта 60.387
-подготвување на проекти за други објекти 413.000
-изградба на други објекти 4.680.000 (градски пазар)
-надзор над изградба 228.000 ден.

Доколку има прашања, повелете, рече таа.

Претседателот отвори расправа и за збор се јави Иван Гоцевски кој праша дали извештајот е план за реализација за цела година?

А.Христова рече дека во Извештајот за извршувањето на буџетот на Општина Делчево за 2022 година е даден план за реализација за цела година, но има податоци и за првиот квартал (01.01.2022 до 31.03.2022).

Иван Гоцевски ако тоа е така излегува дека на ставката 46 субвенциите и трансферите се планирани во износ 2.724.000, а се реализирани за првиот квартал само 186.280 или 7%, или со други зборови и оваа година нема да има поддршка на спортските клубови и спортот во општината. Исто така 40% од вкупниот буџет на Општина Делчево е од донации (од разни фирми, граѓани, разни меѓународни организации УНДП и сл.), што за мене е многу „чуден“ буџет, и мора да се согласите дека средствата за поддршка на спортот се малку, рече тој.

Анка Христова рече дека вкупниот буџет се состои од основен буџет, наменска дотација, самофинансирачки активности, буџет на донации и кредити. Донациите за оваа година се планирани во износ 5.274.578, а се реализирани 2.392.487, што значи за првиот квартал процентот на реализација е 25% и доколку се одвива со таа динамика би требало да биде и над 90%.

Сашко Ивановски праша за што се потрошени средствата во износ 1.202.566 денари, во Програма А0-СОВЕТ на ставката 40-плати, наменини надоместоци?

А.Христова рече дека тие средства се за надоместокот на членовите на Советот за присуство на седница.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и истата беше ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“, 6 „ПРОТИВ“ и 1 „ВОЗДРЖАН“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за 1 квартал.

**Четврта точка-Извештај за работата на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач по оваа точка беше Стојче Стојковски-Директор на ЈКП „Брегалница“-Делчево кој рече дека ќе ја образложи оваа точка во кратки црти кој на почетокот даде општи податоци за ЈКП, неговата организациска поставеност, број на вработени (87) и 3 преку Агенција за привремени вработувања. На почетокот директорот истакна дека ЈКП „Брегалница“ 2021 година ја завршило негативен финансиски резултат-загуба од 840.950.00 денари која е резултат на сметководственото евидентирање на обврската за исплата на трошоци поврзани со работа (регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок за период 2018-2010). Во врска со тоа е склучена спогодба за регулирање на

начинот на исплата на овие трошоци која била склучена на 12.11.2021 година. Во врска со реализираните активности во 2021 година тој даде образложение по сектори при што истакна дека во 2021 година Секторот за сметководство, финансии и комерција продолжил со ажурирање на податоците за корисниците на комунални услуги и е направена надградба т.е.инсталирана е нова подобрена верзија на софтверот за финансиското работење и наплатата со што ќе се овозможи подобра и поточна евиденција на финансиските податоци.

Секторот за водовод и канализација во 2021 година отклонил 82 дефекти на главната водоводна мрежа, извршил 110 интервенции, санирани се или целосно заменети 8 главни вентили, заменети се 150 неисправни водомери, извршени се 58 приклучувања на нови потрошувачи, санирани се 32 канализациони шахти, извршени се вкупно 35 интервенции на отпишување на запишени канализации на главни линии. На новиуот градски пазар е изградена фекална канализација, атмосферска канализација, изработена е армирано-бетонска шахта со железен капак врз постоечка атмосферска канализација и направена е замена на оштетени цевки за атмосферска канализација. Исто така нова водоводна линија во с.Тработивиште, во населба „Пролет“, на ул. “Орце Николов“, изградба на фекална канализација во Пустевски ендек, канализација во Таушанско маало, довршена е фекална канализација во с.Полето, изградена е фекална канализација во с. Габрово.

Во 2021 година во рамките на проектот за отварање на регионална депонија за ИПР, од страна на МЗЖС, на ЈКП доделено е специјално возило за собирање на смет марка IVECO 70, доделение се 169 метални контејнери. Со сопствени средства е купено ново специјално возило за собирање на отпад марка RENAULT D. Во извештајниот период извршено е собирање, транспортирање и депонирање на иотпад од 4000 домаќинства и од 320 правни лица, во вкупна количина 6.500 тони или 541 тон месечно. Покрај редовното собирење на отпад, во неколку наврати е собиран отпад од Баткова чечма, планина Голак, Граничен премин, чистена е градската депонија Остреци е саниран патот кон депонијата бидејќи ситиот не е асфалтиран и често се оштетува. Во истиот период се чистени диви депонии, чистени се и каналите (селските ендеци), како и дел од коритото на р.Желевица.

Секторот за градско зеленило во овој период ги има реализирано сите активности предвидени во планот и Програмата, а тоа е редовно машинско и рачно косење на тревата, гребулење, собирање и изнесување на тревата, садење на сезонско цвеќе, поправка и одржување на клупи и парковски реквизити, полевање на трева и цвеќиња, кроење на украсни дрвца и грмушки, кастрење на суви грански, како и одржување на јавната чистота (метење на улици и тротоари). Набавени се три рачни косилки тримери и една самоодна моторна косилка. Инвестициите во овој сектор се 108.400, 00 денари. Исто така ЈКП во 2021 година извршила и повече активности во врска со одржувањето на јавното осветлување (дислоцирана посточка инсталација и заменет обичен кабел со самоносечки кабел во должина од 3500м1 во градот, поставени нови канделабри (30) во градот и селата со ЛЕД светилки, заменети се 600 улични светилки во градот, поставена е нова линија со подземна инсталација од касарна до Таушанско маало, поставена е нова линија кај нов градски пазар, кај парк над Жито маркет, заменет е ситемот за улично осветлување на ООУ „Св.Кл.Охридски“ и замена на улични светилки во училишен двор, поставени се рефлектори на училишни игралишта во с.Тработивиште и др.

Во 2021 година приходите на ЈКП „Брегалница“ изнесуваат 47.843.246, а расходите 48.684.196 денари, што значи дека има загуба од 840.950,00 денари и е резултат на

сметководственото евидентирање на обврската за исплата на трошоци поврзани со работа (регрес за годишен одмор и новогодишен надоместок за период 2018-2010). Во врска со тоа е склучена спогодба за регулирање на начинот на исплата на овие трошоци која била склучена на 12.11.2021 година.На крајот од образложениeто, тој истакна дека Управниот одбор на ЈКП „Брегалница" донел одлука за склучување на спогодба за исплата на К-15 (регрес за годишен одмор) во вкупен износ 1.486.703,00 денари. Доколку има прашања, повелете, рече С.Стојковски.

Претседателот отвори расправа по точката и за збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека е добро тоа што ЈКП „Брегалница" активно било вклучено во гаснењето на пожарот кој го зафати Пијанечко-Малешевскиот регион. Во врска со Извештајот за работа на ЈКП "Брегалница" тој го цитираше Мислењето на НО за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП доставено до Управниот одбор, во кое меѓу другото се вели дека:„НО во целост ги одобрува Годишната сметка и Извештајот за работа и дава позитивно Мислење и препорака до УО"? Тој исто така ја цитираше и Забелешката во Извештајот која се однесува на загубата и праша како тоа ЈКП „Брегалница" не предвидела средства за исплата на регресот за годишен одмор кога имале пред тоа позитивна судска разрешница. Вие како директор требало да предвидите таков епилог и разрешница на тужбите и другите тужби ќе бидат со таква разврска, а резултатите ќе бидат уште понегативни, рече тој.

Директорот на ЈКП „Брегалница" рече дека до 2020 година сите тужби биле во полза на ЈКП. Инаку, во Колетивниот договор е предвидено дека за исплата на регрес за годишен одмор, УО донесува одлука дали ќе има и ако има колку ќе биде висината на надоместокот. Досега сите барања за исплата беа одбиени. Во 2020 година не сме можеле да прејудицираме какви ќе бидат сусќите пресуди. Загубата се јавува бидејќи иако спогодбата е за исплата на 12 рати, обврската за исплата на трошоците е направена со денот на потпишувањео на спогодбата, а тоа е 12.11.2021 година, рече директорот.

Иван Гоцевски јавно го праша директорот дали тој како граѓанин се согласува со Мислењето на НО?

Процедурално реагираше К.Тренчевски кој рече дека директорот на ЈКП на седницата е присутен како директор на ЈКП и како образлагач на точката, а не како граѓанин и го праша директорот дали некои вработени имаат поднесено тужби за неисплатениот регрес за годишен одмор и покрај тоа што имаат потпишано спогодба дали е побарано мислење за исплата на рати бидејќи ако е така тогаш ЈКП не би имало негативен финансиски резултат?

Директорот рече дека во врска со прашањето на Иван Гоцевски кое се однесува на Мислењето на Надзорниот одбор во врска со извештајот и Годишната сметка, нема обврска да одговори бидејќи тоа е негова констатација/мислење и дека тој си има право на сопствено мислење. Тој рече дека директорот и Управниот одбор се два различни органа. Управниот одбор донел одлука за исплата на регрес на годишен одмор и тој го има тоа право.Во врска со прашањето на Кирил Тренчевски тој рече дека и покрај тоа што имаат потпишано спогодби некои од вработените поднеле тужби за неисплатениот регрес за годишен одмор. Проблемот е тоа што сите средства во вкупен износ 1.486.703,00 денари треба да се прокнижат во 2021 година и покрај тоа што треба да се исплатат во 2022 година.

Претседателот на Советот рече дека во врска со забелешката или констатацијата на Иван Гоцевски во врска со Мислењето на Надзорниот (а не на Управниот одбор), доколку сака советникот, може писмено да побара одговор од Надзорниот одбор

Оливера Ташевска рече дека потребно е да се преземат мерки за контејнерите кои се наоѓаат позади објектот на пицеријата „Палма"бидејќи речиси секогаш се преполни и наоколу има многу ѓубре. Можеби треба да се празнат/чистат почесто или да се размисли да се најде некое друго решение бидејќи (по кажување на станарите кои го фрлаат својот отпад таму) многу често се случува да фрлаат отпад и луѓе од други места.

Директорот рече дека контејнерите на ул. „Маршал Тито" биле отстранети од улицата со цел центарот на градот да добие поубав лик и биле поставени на локацијата за која зборува советничката. Точно е тоа што таа го кажува, такви и слични реакции имало до него и од други луѓе, можеби треба да го заградиме тој простор и истиот да се заклучува, а клучеви да имаат станарите кои го одлагаат својот отпад во тие контејнери, рече тој.

Ели Ризова Ангеловска го праша директорот зошто не се празнат редовно контејнерите во с. Град? Има многу реакции од жителите, особено сега во летниот период тоа е сериозен проблем.

Директорот рече дека според Планот за работа празнење на контејнерите е предвидено еднаш неделно, така е во градот, така е и во селата.

Ели Ризова Ангеловска рече дека можеби по Планот е така, но сепак контејнерите во с.Град не се испразнети подолго време.

Претседателот на Советот рече дека можеби треба да се размислува во насока на одредување нови локации или поставување на поголем број на контејнери како не би дошло до преполнување на истите, а исто така редовно да се празнат садовите за отпад.

Зекир Абдулов рече до нив како невладина организација доаѓаат граѓани кои рагираат на состојбата на броилата/водомерите и праша дали редовно се отчитува состојбата? Се случува состојбата да не е точна, а сметката е платена? Исто така има смејства кои се во странство, водомерите не се читаат и на сметките се ставаат паушални износи, што во таков случај, праша тој.

Директорот рече дека доколку состојбата не е точна, може да се направи корекција на сметката по барање на странката. Не се чита состојбата редовно, ноември, декември и јануари не се зема состојбата. Оние граѓани кои се во странство подолго од 3 месеци се должни тоа да го пријават во ЈКП и водата да се исклучи, рече тој.

Јасмина Ќурчиска праша кога ќе бидат поставени нови контејнери во с. Вирче и кога ќе бидат исчистени дивите депонии? Месната заедница од с. Вирче поднела барање за поставување на нови контејнери, се уште нема одговор, рече таа.

Иван Гоцевски рече дека директорот во своето образложение истакнал дека претпријатието има добиено донација од 169 метални контејнери и праша кога ќе бидат поставени контејнери во селата Вирче, Стамер и Стар Истевник бидејќи тоа било ветено во предизборната кампања и е предвидено во Програмата за работа на ЈКП „Брегалница"-Делчево?

Директорот на ЈКП „Брегалница" рече дека точно е дека претпријатието има добиено 169 контејнери како донација. Предвидено е дасе постават во селата и ќе се постават, Програмата е во тек на реализација, не е целосно реализирана.

Оливера Ташевска праша зошто е прекината изградбата на водововодот во населба „Пролет"?

Директорот на ЈКП рече дека изградбата на водовод во населба „Пролет" е активност која е предвидена со Програмата за уредување на градежно земјиште за 2022 година на Општина Делчево, а не со Програмата на ЈКП „Брегалница" и сигурно има некој проблем за прекинот што не значи дека нема да продолжи.

Ели Ризова Ангеловска дека во Извештајот на страна 10 каде што се наброени активностите кои биле реализирани од страна на Секторот за комунална хигиена, стои дека имало чистење на диви депонии во  с.Град, Троботивиште и с.Разловци.

Директорот рече дека во с. Град се чистело во центарот на селото, на просторот од продавницата до под мостот во селото.

Ели Ризова Ангеловска рече дека во с.Град не била спроведена таква активност и дека воопшто не е чистено.

Иван Гоцевски го праша директорот дали е точно дека во Делчево сметот се собира со две возила со беровски регистерски таблички и зошто на чешмата во с.Стар Истевник нема вода? Направена е чешма ама џабе, нема вода, рече тој.

Директорот рече дека е точно тоа и воопшто не е проблем бидејќи јавните претпријатија соработуваат по разни основи. Од Општина Берово била побарана помош бидејќи во исто време имало дефект на две возила за собирање смет. Претходната година нашето возило за собирање на смет беше ангажирано во Пехчево, рече директорот.

Во врска со чешмата во с. Стар Истевник директорот рече дека чешмата во Стар Истевник е направена, набавено било и црево, но некој го земал цревото и не го дава. Тоа е проблемот и затоа нема вода.

Претседателот на Советот, Гоце Попов рече дека е факт тоа што ЈКП „Брегалница" „спрема едни е мајка , а спрема други маќеа". За работата на ЈКП и услугите што ги дава има многу реакции од граѓаните и тие реакции се оправдани. Забелешката е во тоа што селата се заборавени во однос на градот во смисла на градежни активности, уредување на зелни површини и паркови. Конкретно во с. Троботивиште кое има булевар во должина од 150 м1, со две коловозни ленти и ширина 13м1, од страна на ЈКП со години не е направено ништо. Она што е уредено и постои како зелена површина е уредено од самите жители со сопствени средства. Троботивиште е село со сопствен плоштад, ретки урбани елементи, џамија, селска фонтана кои му даваат посебна естетска и културна вредност на селото и е пример за соживот. Мора сите граѓани да имаат ист третман, рече тој и праша дали градежната група/екипа на ЈКП „Брегалница" ќе го прескокне повторно с. Троботивиште и другите села?

Директорот на ЈКП „Брегалница" рече дека констатацијата е точна.Градежните активности кои ги извршува градежната група и уредувањето на зеленило и паркови се финансирани од страна на Општината и се предвидени со нивните програми, а одржувањето  е обврска на ЈКП „Брегалница".

Сашко Ивановски рече дека горниот дел на Градските гробиштаод страна на некои граѓание е уреден со посадување на зимзелени дрвца –туја околу 50-тина и предложи ако мозе некој од вработените во ЈКП „Брегалница" да ги наводнува да не се исушат бидејќи веќе се посадени.

Директорот го информираше советникот дека тој дел ќе биде уреден, озеленет и од страна на ЈКП „Брегалница".

Иван Гоцевски рече дека има реакции од граѓани дека во стариот дел на Градските гробишта кога се прави ископ за нови гробни места нема доволно простор.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА" и 7„ПРОТИВ", Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Извештајот за работата на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2021 година.

**Петта Годишна сметка на ЈКП „Брегалница"-Делчево за 2021 година со Заклучок за усвојување;**

Образлагач во отсуство на Марија Сумрачка- Сметководител на ЈКП „Брегалница“-Делчево и оваа точка ја образложи директорот кој истакна дека Годишната сметка е подготвена во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување. Таа е поединечна, а валутата на презентација е македонски денар. Во своето работење во 2021 година ЈКП 2Брегалница“ остварило негативен финансиски резултат со загуба од 840.950,00.

Вкупните приходи за 2021 година се 47.843.246,00. Речиси 50% од приходите се приходи од вода за пиење. Има незначително зголемување на приходите по основ на собирање смет во однос на ланската година 11.981.189 наспроти 11.582.121, приходи од градска капела 235.176, приходи од Општина Делчево за уредување на нови паркови и одржување на паркови 665.723,00, приходи од пазарна такса 1.193.469, приходи од јавна чистота 1.925.002 денари.

Расходите за 2021 година се 48.684.196,00 денари и тоа за:плати 27.696.496,00 денари (62% од вкупните расходи), за електрична енергија во однос на ланската година трошоците се зголемени за околу 700.000 или 4.497.758 во 2021 и 3.700.896 во 2020, останати расходи во работењето 520.245 се однесува на Решението за присилна наплата од 2010-2017 на 3 години 2019,2020 и 2021) кое требало целосно да биде исплатено заклучно со месец март 2021, за резервни делови 296.904, отпис на ситен инвентар-автогуми 241.598, останати трошоци од работењето 736.205 и др.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Стефанија Атанасова Јовановски кој го праша директорот зошто има голема разлика во ставките 432 и 442 во однос на 2020 година?

Директорот рече дека за ставката 432 тоа се трошоците за амортизација на товарни и патнички возила, зголемен е бројот на возила и затоа. А на другата ставка 442 се трошоците за управен и надзорен одбор, имале повеќе седници затоа, рече директорот.

Согласно член 35 од Статутот и член 9 од Деловникот, Иван Гоцевски побара од директорот на ЈКП „Брегалница“ да му се достави писмен одговор дали има формирано тело Стручен колегиум во ЈКП „Брегалница“ и да се достават сите записници од седниците на Стручниот колегиум.

Бидејќи никој друг не се јавуваше за збор, расправата по оваа точка беше затворена и точката ставена на гласање.

Со 8 гласа „ЗА“ и 7 „ПРОТИВ“, Советот на Општина Делчево го донесе Заклучокот за усвојување на Годишна сметка на ЈКП „Брегалница“-Делчево за 2021 година.

**Шеста точка-Предлог-Одлука за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно но земјиште за добивање на одобрение за градење на Фотоволтаична централа на терен со капацитет цца 250 KW лоцирана на К.П.бр.118, 119,120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Тработивиште во општина Делчево;**

Во отсуство на Звонко Атанасов-Раководител на Секторот за урбанизам, образлагач по оваа точка беше Николина П.Мавродиева која истакна дека со оваа Одлука инвеститорот Општина Делчево се ослободува од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште на КП бр.118, 119, 120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Тработивиште, за добивање на одобрение за градење на Фотоволтаична централа на ГП 1.2 од Локална урбанистичка планска документација за намена Е2-комунална супраструктура за изградба на фотоволтна електрична централа на КП бр.118, КП бр.119, КП бр.126/1, КП бр.128/1, КП бр.129, КП бр.130/1 и дел од КП бр.120, дел од КП бр.121, дел од КП бр.127, КО Тработивиште во општина Делчево, согласно Основниот проект за

фотоволтаична централа на терен со капацитет од цца. 250kW лоцирана на КП бр.118, 119, 120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Тработивиште во општина Делчево изработен од ДПТПУ КМГ ЕОЛ КВАЗАР ДООЕЛ, Скопје.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 9 гласа „ЗА" и 6 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање надоместок за уредување на градежно но земјиште за добивање на одобрение за градење на Фотоволтаична централа на терен со капацитет цца 250 KW лоцирана на К.П.бр.118, 119,120/2, 121/4, 126/1, 127/3, 128/1, 129 и 130/1, КО Тработивиште во општина Делчево.

<u>Седма точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект станбена куќа зграда бр.2 по барање на Радојко Веселиновски;</u>

Седмата, осмата и деветтата точка беа образложени од страна на Андријана Соколовска која истакна дека од страна на лицето Радојко Веселиновски е поднесено барање за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат за 3 објекти кои се дадени во одлуките 7,8 и 9. Сите 3 објекти се наоѓаат на земјиште во негова сопственост.

Претседателот отвори расправа и бидејќи никој друг не се јави за збор, тој се јави за збор во врска со овие точки при што истакна дека сака да де едно појаснување до сите советници. Имено, рече тој, со овие 3 точки што се на дневен ред на денешната седница, со сите такви претходно и со сите идни такви одлуки, се утврдува потреба од донесување на урбанистичко-планска документација која треба да се донесе на товар на Општината. Секоја таканаречена легализација е на товар на општината. Ние практично треба да го финансираме самоволието и незаконското градење на некои граѓани, на некои кои свесно го прекршуваат законот, за сметка на чесните луѓе и инвеститори кои го почитуваат законот, градат законски, кои плаќаат комуналии на Општината. Јас, сакам јавно да кажам дека нема да гласам за ваквите одлуки, рече претседателот на Советот.

Сашко Ивановски рече дека поранешниот состав на Советот имале договор сите вакви точки да се гласаат и така и било. Сега доколку не ги гласаме овие точки ќе го ставиме подносителот на барањето во нерамноправна положба во однос на сите претходни, рече тој.

Претседателот на Советот рече дека тој само си го кажал својот став, а секој член на Советот сам нека си одлучува како ќе гласа.

Кирил Тренчевски рече дека сите дискусии се во редм и дека претходно 99% сите одлуки биле гласани.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 12 гласа „ЗА", 1 „ПРОТИВ" и 2 „ВОЗДРЖАНИ", Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект помошен зграда бр.3 по барање на Радојко Веселиновски;

На гласање беше ставена и Осмата точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект помошен зграда бр.3 по барање на Радојко Веселиновски;

Со 12 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект помошен објект зграда бр.3 по барање на Радојко Веселиновски.

На гласање беше ставена и Деветтата точка-Предлог-Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект магацин за железо зграда бр.4 по барање на Радојко Веселиновски;

Со 12 гласа „ЗА“, 1 „ПРОТИВ“ и 2 „ВОЗДРЖАНИ“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко-планска документација за бесправно-изграден објект надвор од плански опфат-објект магацин за железо зграда бр.4 по барање на Радојко Веселиновски;

Десетта точка-Предлог-Одлука за одобрување на финансиски средства;

Образлагач по оваа точка беше Ана Ситновска Димитровска-Одговорен сметководител која рече дека одлуката се однесува на Петар Богдановски од Делчево.

Средствата се одобруваат за поддршка на неговото учество на Европското првенство во бодибилдинг и фитнес кое ќе се одржи од 5 до 9 мај во Санта Сузана, Шпанија.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2022 година.

Претседателот отвори расправа по точката.

За збор се јави Иван Гоцевски кој рече дека е добро што се донесуваат вакви одлуки и предложи да се донесе одлука за децата од играорната група кои беа во турција и ја претставуваа општината.

Сунчица Ѓорѓиева рече дка можа ко се согласат сите советници да издвојат средства од нивниот надоместок и да се донесе одлука за финансиска поддршка на некој што му е потребно.

Претседателот на Советот рече дека предлозите се добри, ќе се договорат членовите на Советот како и на кој начин дасе донесат вакви одлуки.

Бидејќи никој друг не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, против и воздржани-нема, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за одобрување на финансиски средства;

Единаесетта точка-Предлог-Одлука за приоритетен предлог-проект и финансиско учество за проект „Регулација на корито на река Брегалница во Централно-градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“;

Оваа точка беше образложена од страна на Ванчо Новоселски-Советник за образование бидејќи Тони Стоименовски беше оправдано отсутен. Во врска со точката тој истакна дека со оваа одлука се дава приоритет и се утврдува намената на проектот „ Регулација на корито на река Брегалница во Централно-градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“.Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година од корисниците на средствата.

Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 11.004.545 денари. За реализација на проектот во должина од 500 метри потребно е да се обезбеди учество од буџетот на

општина Делчево од 20%.Средствата потребни за реализација на проектот ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа, а по Програмата за намалување на диспаритетите меѓу и во рамките на планските региони и зголемување на регионалната конкурентност за 2022 година од корисниците на средствата

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за приоритетен предлог-проект и финансиско учество за проект „Регулација на корито на река Брегалница во Централно-градско подрачје на град Делчево низводно-фаза 2“.

Дванаесетта точка-Предлог-Одлука за приоритетен предлог-проект и финансиско учество за проект „Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево-Стамер-Општина Делчево, прва фаза“;

Образлагач и по оваа точка беше Ванчо Новослески кој истакна дека вториот проект се однесува на предлог-проект и финансиско учество за проект „Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево-Стамер-Општина Делчево, прва фаза. Проектот ќе биде поднесен до Министерството за локална самоуправа, Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година, Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби. Проектираната инвестиција со вклучен ДДВ изнесува 5.732.947,40 денари. За реализација на овој проект потребно е да се обезбеди учество од буџетот на општина Делчево од 10%.Средствата потребни за реализација на проектот ќе се обезбедат од Министерството за локална самоуправа-Биро за регионален развој, а по Програмата за рамномерен регионален развој за 2022 со индикативно планирани средства за 2023 година, Проекти за развој на подрачјата со специфични развојни потреби.

Претседателот отвори расправа по точката.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на општина Делчево ја донесе Одлуката за приоритетен предлог-проект и финансиско учество за проект Реконструкција на Локален пат Л-14 Делчево-Стамер-Општина Делчево, прва фаза.

Тринаесетта точка-Дополнување на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година;

Во отсуство на Горан Петровски-Советник за урбанизам и енергетска ефикасност, образлагач по оваа точка беше Николина П.Мавродиева која рече дека се дополнува Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на општина Делчево за 2022 година. Имено, во поглавјето ,, Урбанистички планови за град Делчево,, по точката 21 се додава нова точка и тоа: точка 22, која гласи: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за намена Е1,13 површински соларни и фотоволтаични централи во опфат на КП бр. 6293, КП бр.2857 и кп БР.2858, КО Град , Општина Делчево.

Претседателот отвори расправа по точката.

**Четиринесетта точка-Предлог-Одлука за изменување на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево бр.09- 2223 /1 од 15.11.2021 година;**

Образлагач по точката беше Ванчо Новоселски-Советник за образование кој истакна дека на 15.11.2021 година Советот на Општина Делево донел Одлука за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево за 10 ученици по што бил објавен Конкурс на кој учениците аплицирале по 2 точки. Бидејќи биле оделени 10 стипендии, а 1 одличен ученик кој е дете на самохран родител останал без стипендија, се предлага Одлуката бр.09-2223/1 од 15.11.2021 годна, да се измени во делот на бројката на стпендии. Се менува бројот 10 во 11 стипендии.

Претседателот отвори расправа.

Бидејќи никој не се јави за збор, расправата беше затворена, а точката ставена на гласање.

Со 14 гласа „ЗА“, Советот на Општина Делчево ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за доделување на стипендии на одлични ученици од СОУ „М.М.Брицо“-Делчево бр.09- 2223 /1 од 15.11.2021 година;

**Петнаесетта точка-Прашања и предлози на членови на Совет.**

За збор се јави Зекир Абдулов кој рече дека еден наш граѓанин долго време не може да го реши проблемот што го има во врска со пренамена од деловен во станбен простор. Постојано бара решение во Општината-Сектор/Одделение за урбанизам, но наидува на проблем во смисла не се тие надлежни, препраќање кај некој друг службеник, арогантен однос и слично. Од негово име, тој го поставува ова прашање и бара начин за решавање на проблемот.

Претседателот на Советот рече советникот да му го даде телефонскиот број на граѓанинот и да се договорат заедно да отидат во Општината.

**Зекир Абдулов**, до Градоначалникот, бара писмен одговор во врска со прашањето:
1.Министерството за локална самоуправа на РСМ секоја година до општините доставува средства (3000 евра) за изработка на стратешки документи и акциски планови. Прашувам дали средствата за оваа година се потрошени за таа намена (ако е така конкретно за кои документи и акциски планови) или се потрошени за нешто друго?

**Иван Гоцевски**, даде предлог и постави прашање до Општина Делчево-Сектор за урбанизам и тоа:

1.Ако може да се интервенира (санира) оштетениот патен правец (коловоз и мост) кон маалото Пасјак во с.Иствник. Има реакции од повеќе граѓани.

2.Кога ќе се реализира уредувањето на зелената површина на ул.„Кирил и Методиј“ во врска со Барањето на група граѓани доставено до општината и Одговорот на Барањето, изготвен од страна на раководителот на Секторот за урбанизам и потпишано од Градоначалникот на Општина Делчево, бр.08-905/1 од 17.01.2021 година? Бара писмен одговор.

**Дејан Георгиевски праша**:

1.Зошто членовите на Советот не патувале за Турција иако биле поканети од страна на Градоначалниот и им биле побарани патните исправи. Која е причината нивното патување да биде откажано, т.е да не се реализира?

**Сања Николовска** до претседателот на Комисијата за урбанизам даде предлог/иницијатива да се свика Комисијата и да се разгледаат 2-3 барања/иницијативи од граѓани кои се доставени до нив.

**Кирил Тренчевски** праша која е причината поради која членовите на Советот не биле на патување во Турција. Тој рече дека бил во контакт со членовите на Советот, им биле побарани дури и патните исправи за да во последен момент од страна на секретарот на Општината им биде кажано дека нема да патуваат. Затоа тој рече дека бара писмен одговор, конкретно од секретарот и градоначалникот.

Ели Ризова Ангеловска праша

1.Зошто нема покренато иницијатива за реконструкција на црквата во с.Иствевник?
Претседателот на Советот рече дека иницијативи покренуваат граѓаните или во случајов Црковен одбор на црквата или верниците во с.Истевник и се доставува до Градоначалникот и Советот на разгледување. Ако се одобри иницијативата, се изготвува соодветна одлука и се предлага на седница на Совет. Таква е постапката. Општината нема надлежност и обврска да покренува иницијатива за реконструкција на црква.

Јасмина Ќурчиска,до Сектор за урбанизам бара писмен одговор

1.Во чија сопственост е игралиштето во с. Вирче и која е неговата намена бидејќи половина од него е узурпирано од земјоделски машини и некои луѓе тврдат дека истото е во нивна сопственост?

Иван Гоцевски, бара писмен одговор

1.Дали возилото (камион) со регистерски таблички DE 1493 AB е во сопственост на ЈКП „Брегалница“, дали истото е регистрирано и ако е така бара да му биде доставен доказ-копија од сообраќајната дозвола.

2.Да не се дозволи во иднина градската депонија да гори со денови да ги труе граѓаните и да им го загрозува здравјето, да се дејствува најбрзо што може.

Сашко Ивановски, предлог

1.Да се организира акција за чистење на Ралова Чука, особено делот до магистралниот пат бидејќи депонијата е на влезот на градот и создава грда слика за Делчево. ЈКП „Брегалница“-Делчево и Општината да организираат таква акција бидејќи веќе е пролет и започнува туристичката сезона.

Дејан Георгиевски, бара писмен одговор

1.Кога ќе се уреди скверот на ул. „Лика Чопова“ бидејќи и кога ќе се заменат цевките за фекална канализација?

Со исцрпувањето на дневниот ред, Осмата седница заврши со работа во 17.10 часот.

**Записникот го водела**

**Снежана Трајкова**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

**Претседател**

**Гоце Попов**